| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 |

Вид работа | Идентификационен број (ЕМБС) | Резервни кодекси

Прва детска амбасада во светот Меѓаши Република Македонија Бр. 0306/69 24.02.2021 год. Скопје

Назив на субјектот **Здружение ПДАС Меѓаши Р.Македонија, Скопје**

Адреса, седиште и телефон **ул.Коста Новаковиќ бр.22А Скопје тел.02/2465-316**

Адреса за е-пошта **info@childrensembassy.org.mk**

Единствен даночен број **4030995179890**

**СТРУКТУРА НА ПРИХОДИ ПО ДЕЈНОСТИ (СПД–РЕКАПИТУЛАР)**
во периодот од **01.01.2020 до 31.12.2020** година

| **НКД** (Национална класификација на дејности) | | | Остварени приходи (во денари)[3] |
|---|---|---|---|
| Ред. бр. | Класа[1] | Назив[2] | |
| 1. | 88.99 | Останати дејности на социјалната заштита без сместување, неспомнати на друго место | 13657148 |
| 2. | 46.90 | Неспецијализирана трговија на големо | 355660 |
| 3. | | | |
| 4. | | | |
| 5. | | | |
| 6. | | | |
| 7. | | | |
| 8. | | | |
| 9. | | | |
| 10. | | | |
| 11. | | | |
| 12. | | | |
| 13. | | | |
| | | | |

| НКД<br>(Национална класификација на дејности) | | | Остварени приходи (во денари) [3] |
|---|---|---|---|
| Ред. бр. | Класа[1] | Назив[2] | |
| 14. | | | |
| 15. | | | |
| 16. | | | |
| 17. | | | |
| 18. | | | |

1)Во колоната за „Класа“ се внесува нумеричка ознака за класа согласно НКД за дејноста од која субјектот остварува приход.
2)Во колоната „Назив“ се внесува описно називот на дејноста според НКД од која субјектот остварува приход.
3)Во колоната „Остварени приходи“ се внесува износот на остварени приходи по дејности.

РЕГИСТРИРАНА ПРЕТЕЖНА ДЕЈНОСТ (Со назначување на шифра и назив на класа на дејноста утврдена со НКД)

| 8 | 8 | 9 | 9 |
|---|---|---|---|

ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ПРЕТЕЖНО ОД Останати дејности на социјална заштита без сместување, неспоменати на друго место ДЕЈНОСТ-

| 8 | 8 | 9 | 9 |
|---|---|---|---|

(Со назначување на шифра и назив на класа на дејноста утврдена со НКД)

Лице одговорно за составување на образецот:

Име и презиме Ана Икономова , Уверение бр.0104603 од 01.11.2016 год (ИСОС)

Потпис ____________________

Во Скопје

На ден 24.02.2021

М.П.*

ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ СКОПЈЕ МЕЃАШИ * РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА *

Име и презиме на законскиот застапник

Драги Змијанац

Потпис ____________________

* За трговските друштва не е задолжителна употреба на официјалниот печат согласно Законот за трговските друштва.

Образец „ДЕ“

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Период | Контролор | |
| Вид работа | Идентификационен број (ЕМБС) 0 4 3 7 7 2 4 9 | Резервни кодекси | |

Назив на непрофитната организација ОРГАНИЗАЦИЈА **Здружение ПДАС Меѓаши Р.Македонија, Скопје**

Адреса, седиште и телефон СЕДИШТЕ **ул.Коста Новаковиќ бр.22А Скопје тел.02/2465-316**

Адреса за е-пошта **info@childrensembassy.org.mk**

Единствен даночен број **4030995179890**

Прва детска амбасада во светот Меѓаши Република Македонија Бр. 0306/70 24.02. 2021 год. Скопје

**ПОСЕБНИ ПОДАТОЦИ**

за државна евиденција за непрофитните организации

(во денари)

| Ред. бр. | Група на сметки, сметка д=дел | Позиција | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година | Тековна година |
| | | | | | |
| | | **А.НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА** | | | |
| | | Набавна вредност на основачки издатоци | 601 | | |
| | 009д | Ревалоризација на основачки издатоци | 602 | | |
| | 028д | Исправка на вредноста на основачки издатоци | 603 | | |
| | | Сегашна вредност на основачки издатоци (< или = АОП 002 од БС) | 604 | | |
| | | Набавна вредност на издатоци за истражувања и развој | 605 | | |
| | | Плата и надоместоци на плата на вработените кои директно работат на истражувања и развој | 606 | | |
| | | Т р | 607 | | |
| | | Амортизација на недвижности, постројки и опрема користени при истражувања и развој | 608 | | |
| Ред. бр. | Група на сметки, сметка д=дел | Позиција | Ознака на АОП | Износ | |
| | | | | Претходна година | Тековна година |
| | | | | | |

1 Трошоци за суровини и материјал, трошоци за енергија, трошоци за ситен инвентар, трошоци за амбалажа, трошоци за резервни делови и материјали за одржување на објектите и опремата, интелектуални услуги и други услуги кои се услов за истражувањето и развојот за сопствени цели.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Амортизација на патенти и лиценци користени при истражувања и развој | 609 | | |
| | 009д | Ревалоризација на издатоци за истражување и развој | 610 | | |
| | 028д | Исправка на вредноста на издатоци за истражување и развој | 611 | | |
| | | Сегашна вредност на издатоци за истражувања и развој (< или = АОП 002 од БС) | 612 | | |
| | 002д | Набавна вредност на патенти, лиценци, концесии, заштитни знаци и останати слични добра | 613 | | |
| | 009д | Ревалоризација на патенти, лиценци, концесии, заштитни знаци и останати слични добра | 614 | | |
| | 028д | Исправка на вредност на патенти, лиценци, концесии, заштитни знаци и останати слични добра | 615 | | |
| | | Сегашна вредност на патенти, лиценци, концесии, заштитни знаци и останати слични добра (< или = АОП 002 од БС) | 616 | | |
| | 002д | Набавна вредност на софтвер со лиценца | 617 | | |
| | 009д | Ревалоризација на софтвер со лиценца | 618 | | |
| | 028д | Исправка на вредност на софтвер со лиценца | 619 | | |
| | | Сегашна вредност на софтвер со лиценца (< или = АОП 002 од БС) | 620 | | |
| | 002д | Набавна вредност на компјутерски софтвер развиен за сопствена употреба | 621 | | |
| | 009д | Ревалоризација на компјутерски софтвер развиен за сопствена употреба | 622 | | |
| | 028д | Исправка на вредност на компјутерски софтвер развиен за сопствена употреба | 623 | | |
| | | Сегашна вредност на компјутерски софтвер развиен за сопствена употреба (< или = АОП 002 од БС) | 624 | | |

| Ред. бр. | Група на сметки, сметка д=дел | Позиција | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година | Тековна година |
| | | | | | |
| | 002д | Набавна вредност на набавени бази на податоци | 625 | | |
| | 009д | Ревалоризација на набавени бази на податоци | 626 | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 028д | Исправка на вредност на набавени бази на податоци | 627 | | |
| | | Сегашна вредност на набавени бази на податоци (< или = АОП 002 од БС) | 628 | | |
| | 002д | Набавна вредност на бази на податоци развиени за сопствена употреба | 629 | | |
| | 009д | Ревалоризација на бази на податоци развиени за сопствена употреба | 630 | | |
| | 028д | Исправка на вредност на бази на податоци развиени за сопствена употреба | 631 | | |
| | | Сегашна вредност на бази на податоци развиени за сопствена употреба (< или = АОП 002 од БС) | 632 | | |
| | | Набавна вредност на останат нематеријален имот | 633 | | |
| | 009д | Ревалоризација на останат нематеријален имот | 634 | | |
| | 028д | Исправка на вредност на останат нематеријален имот | 635 | | |
| | | Сегашна вредност на останат нематеријален имот (< или = АОП 002 од БС) | 636 | | |
| | 010д | Земјишта | 637 | | |
| | 019д | Ревалоризација на земјишта | 638 | | |
| | | Сегашна вредност на земјишта (< или = АОП 004 од БС) | 639 | | |
| | | **Б.МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА** | | | |
| | 010д | Шуми | 640 | | |
| | 019д | Ревалоризација на шуми | 641 | | |
| | | Сегашна вредност на шуми (< или = АОП 004 од БС) | 642 | | |
| | | Набавна вредност на превозни средства | 643 | 1276727 | |
| | 019д | Ревалоризација на превозни средства | 644 | | |
| | 029д | Исправка на вредност на превозни средства | 645 | | |

| Ред. бр. | Група на сметки, сметка д=дел | Позиција | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година | Тековна година |
| | | | | | |
| | | Сегашна вредност на превозни средства (< или = АОП 007 од БС) | 646 | | - |
| | 013д и 014д | Набавна вредност на информациска и | 647 | | |

2 Уреди со електронска контрола, како и електронски компоненти кои претставуваат дел од овие уреди (радио, телевизиска и комуникациона опрема и апарати).

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | 019д | Ревалоризација на информациска и телекомуникациска опрема | 648 | | |
| | 029д | Исправка на вредност на информациска и телекомуникациска опрема | 649 | 52830 | |
| | | Сегашна вредност на информациска и телекомуникациска опрема (< или = АОП 006 од БС) | 650 | | |
| | 014д | Набавна вредност на к | 651 | 934634 | 904075 |
| | 019д | Ревалоризација на компјутерска опрема | 652 | | 16273 |
| | 029д | Исправка на вредност на компјутерска опрема | 653 | 575024 | 636920 |
| | | Сегашна вредност на компјутерска опрема (< или = АОП 006 од БС) | 654 | 366951 | 283428 |
| | 017д | Набавна вредност на повеќегодишни насади | 655 | | |
| | 019д | Ревалоризација на повеќегодишни насади | 656 | | |
| | 029д | Исправка на вредност на повеќегодишни насади | 657 | | |
| | | Сегашна вредност на повеќегодишни насади (< или = АОП 007 од БС) | 658 | | |
| | 017д | Набавна вредност на основно стадо | 659 | | |
| | 019д | Ревалоризација на основно стадо | 660 | | |
| | 029д | Исправка на вредност на основно стадо | 661 | | |
| | | Сегашна вредност на основно стадо (< или = АОП 007 од БС) | 662 | | |
| | | Книги, уметнички дела, споменици на култура | 663 | | |

| Ред. бр. | Група на сметки, сметка д=дел | Позиција | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година | Тековна година |
| | | | | | |
| | | Драгоцени метали и камења | 664 | | |
| | | Антиквитети и други уметнички дела | 665 | | |
| | | Други скапоцености | 666 | | |
| | | **В. РАСХОДИ** | | | |
| | | **I.Материјални расходи** | | | |
| | 407д | Набавна вредност на продадени материјали и делови (< или = на АОП 208 од БПР) | 667 | | |

---

3 Хардвер и периферни единици, машини за обработка на податоци, печатари, скенери и слично.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 407д | Набавна вредност на продадените трговски стоки (< или = на АОП 208 од БПР) | 668 | | |
| | 408д | Наемнини на земјиште (< или = на АОП 209 од БПР) | 669 | | |
| | | **II. Други расходи** | | | |
| | 414д | Отпремнини за пензија (< или = на АОП 216 од БПР) | 670 | | |
| | 414д | Подароци за деца (< или = на АОП 216 од БПР) | 671 | | |
| | 414д | Помош за семејствата на вработените (< или = на АОП 216 од БПР) | 672 | | |
| | 414д | Помош за вработените (< или = на АОП 216 од БПР) | 673 | | |
| | 414д | Јубилејни награди (< или = на АОП 216 од БПР) | 674 | | |
| | 417д | Издатоци за авторски хонорари (< или = на АОП 219 од БПР) | 675 | 1078371 | |
| | 417д | Издатоци за повремени и привремени работи (< или = на АОП 219 од БПР) | 676 | 922747 | |
| | | **I I** | | | |
| | 450д | Помошти, донации и други давања на субјектите во добра и услуги (< или = на АОП 227 од БПР) | 677 | | |
| | 451д | Надомести и помошти на физичките лица во добра и услуги (< или = на АОП 228 од БПР) | 678 | | |
| | 455д | Други помошти и давања во добра и услуги (< или = на АОП 229 од БПР) | 679 | | |
| | | **IV. Плати и надомест на плати** | | | |
| | 460д | Плати (< или = на АОП 231 од БПР) | 680 | 5746105 | |

| Ред. бр. | Група на сметки, сметка д=дел | Позиција | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година | Тековна година |
| | | | | | |
| | 460д | Придонеси на плати (< или = на АОП 231 од БПР) | 681 | 1580085 | |
| | 460д | Даноци на плати (< или = на АОП 231 од БПР) | 682 | 339654 | |
| | 461д | Надомести на плати (< или = на АОП 232 од БПР) | 683 | | |
| | 461д | Даноци на надомести (< или = на АОП 232 од БПР) | 684 | | |
| | 461д | Придонеси на надомести (< или = на АОП 232 од БПР) | 685 | | |
| | | **Г. ПРИХОДИ** | | | |
| | | Приходи од камати (< или = на АОП 243 од БПР) | 686 | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Приходи од позитивни курсни разлики<br>(< или = на АОП 243 од БПР) | 687 | | - |
| | 730д | Приходи од членарини<br>(< или = на АОП 244 од БПР) | 688 | | |
| | 730д | Приходи од придонеси<br>(< или = на АОП 244 од БПР) | 689 | | |
| | 730д | Приходи од подароци<br>(< или = на АОП 244 од БПР) | 690 | | |
| | 730д | Приходи од донации<br>(< или = на АОП 244 од БПР) | 691 | 1048054 | |
| | | Приходи од други извори<br>(< или = на АОП 244 од БПР) | 692 | 12591733 | |
| | 750д | Приходи од изработка на основни средства во сопствена режија<br>(< или = на АОП 246 од БПР) | 693 | | |
| | 750д | Приходи од изработка на делови и ситен инвентар во сопствена режија<br>(< или = на АОП 246 од БПР) | 694 | | |
| | | **Д. ПОСЕБНИ ПОДАТОЦИ** | | | |
| 9. | | Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот | | 8 | |

Во ___Скопје 24.02.2021
___________
составување на образецот
Н
а
п

Лице одговорно за непрофитната

М.П

Одговорно организација

ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ СКОПЈЕ МЕЃАШИ * РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА *

Датум и печат на прием во ЦРМ ________________________________

Контролата ја извршиле:

**Додаток 2**

**Годишен извештај за 2020 година**

*Прва детска амбасада во светот Меѓаши – Република Македонија*

Ул. Коста Новаковиќ, 22а, Скопје
Тел/факс + 389 (0)2465 316
info@childrensembassy.org.mk
www.childrensembassy.org.mk

## Завршен годишен извештај за 2020 година

## Спроведени активности

**СОДРЖИНА**


1. **СЕРВИСИ ЗА ДИРЕКТНА ПОМОШ И ПОДДРШКА НА ДЕЦА ВО РИЗИК**

   **1.1 СОС телефон за деца и млади 2465-316; 070 390 632;**

   **1.2 Сервис за поддршка на социјално загрозени семејства и ранливи групи деца.**
2. **ПРОГРАМА ЗА МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**
3. **ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ДЕЦАТА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД НАСИЛСТВО**
4. **ПРОЕКТ „ ДА ГИ ЗЕМЕМЕ ПРАВАТА ВО НАШИТЕ РАЦЕ!“**
5. **ЦИВИКА МОБИЛИТАС – ИНСТИТУЦИОНАЛЕН ГРАНТ, ДОНАЦИИ, ЕКОНОМСКИ АКТИВНОСТИ, ИСО**
6. **ПОДДРШКА НА МАРГИНАЛИЗИРАНИ ГРУПИ ДЕЦА**
7. **ПРОЕКТ ЗА ПОДДРШКА НА ОПШТИНИТЕ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ**

## 1. ДИРЕКТНА ПОДДРШКА НА ДЕЦАТА ВО РИЗИК

- Телефонска линија за помош СОС за деца и млади 2465-316
- Материјали и средства за поддршка на социјално загрозени семејства

### 1.1 SOS телефонска линија за помош на деца и младинци 2465-316

**Траење**: од 1993. во континуитет

**Резиме на наодите од работата на СОС-телефонот во 2020 година**

Во текот на 2020 година (јануари – декември) остварени се вкупно **240** првични контакти (дојави), а дополнително се остварени **287** разговори . Вкупниот број на деца и млади кои се опфатени со дојавите изнесува **313**. Споредбено со минатата година, бројот на дојавите е зголемен повеќе од двапати.

**Графикон 1: Број на контакти (дојави) и број на опфатени деца во нив**




Во овој дванаесетмесечен период комуникацијата со дојавувачите во најголем број беше остварена преку административниот (фиксен) број на Детската амбасада Меѓаши, поточно примени се **172** дојави преку овој број. Преку е-пошта во овој период примени се **37** дојави, **17** дојави примени се на ФБ-страницата, **2** дојави примени се по пошта и **12** дојави се поднесени со лично присуство во просториите на Меѓаши.

Дојавите за извештајната 2020 година се однесуваат на проблеми во кои биле засегнати 95 машки, 92 женски деца, а за 126 деца не е познат полот.

Според средината на живеење на јавувачите, како што се гледа во **табелата** подолу, најголемиот број од децата или **279** живеат во урбана средина, **23** деца се опфатени со дојавите од дојавувачи кои живеат во рурална средина, непознато **11.**

Во однос на етничката припадност на јавувачите, како што се гледа од графиконот, **193** од вкупниот број јавувачи се Македонци, додека пак **19** Роми, а **16** јавувачи се од албанска етничка припадност. Само **3** од контактите (дојавите) се од јавувачи во останати (етнички групи) и за **9** лица е непозната етничката припадност.

Според оваа состојба, најголем број на јавувањата се од Македонци (како резултат на тоа дека во Македонија најголемиот процент од жителите се од македонска националност), што потврдува дека во иднина е неопходно Меѓаши да најде начин како СОС-линијата да се доближи и до другите етнички групи, на пример, да се ангажираат оператори/операторки кои го знаат албанскиот, но и турскиот и другите локални јазици.

Бројот на јавувачите од руралните средини, како и во претходните години, останува многу мал во однос на бројот на јавувачите од урбаните средини. Меѓу можните причини за ова може да е неинформираноста на луѓето коишто живеат во руралните средини во врска со правата на децата, начинот и постапката за нивна заштита, како и недоволното промовирање на СОС-линијата во овие средини. Секако, меѓу причините е и фактот дека најголем дел од населението живее во урбана средина.

Генерална забелешка за овој извештаен период е дека се работеше во вонредни услови на пандемија на КОВИД-19. Повиците што ги добивавме на административниот телефон беа пренасочувани на мобилниот телефон на советничката што работи на СОС-телефонот за деца и млади, така што немаше никаков прекин во достапноста на услугата.

Искуството и оваа година ни потврдува дека продолжува трендот на пријавување на случаите на прекршување на правата на децата од страна на возрасни лица. Најчесто тоа се родителите. Децата сè уште молчат и се плашат да го пријават насилството или прекршување на кое било друго право. Тие не се чувствуваат сигурни да пријават насилство, особено кога тоа се случува во домот и е од страна на двајцата родители или пак едниот родител нема разбирање и смета дека во ред е децата да бидат тепани.

Во овој дванаесетмесечен период проблеми за кои најчесто нè контактираат граѓаните се проблеми поврзани со правото на заштита од насилство, правото на образование и правото на пристап до други институции. Не помалку чест проблем беше и остварувањето на родителското право, доделувањето старателство, остварувањето на правото на алиментација, но и јавувања поврзани со промени во психичката состојба на децата во периоди на развод и нарушена комуникација со своите родители, а притоа не се зема предвид мислењето на детето со кој родител сака да живее. Во голем дел од пријавените случаи забележана е злоупотреба на детската личност и кршење на правата на детето од страна на едниот или другиот родител, кои не секогаш при вакви ситуации ги земаат предвид детските мислења, потреби и интереси. Во најголем број од бракоразводите децата се жртви, тие се директни сведоци на нарушената комуникација на своите родители и последиците од тоа директно се одразуваат врз нив.

Стручните служби во институциите треба да ја насочат својата работа кон преземање мерки и активности за подобрување на комуникацијата на родителите со децата, да ги упатат како да го препознаат насилството и да ги охрабрат да не го премолчуваат, не само физичкото, туку и емоционалното и психичкото насилство, да работат на себеприфаќање, сè со цел децата да се почувствуваат сигурни и заштитени.

**Преземени активности**

Во овој 12-месечен период во најголем број беа преземени интервенции на обезбедување директна помош или поддршка на контакти во кои се засегнати **93** деца. Освен директната помош, на контакти (дојави) кои се однесуваат на **130** деца и млади, дадени се препораки, информации за контакт на соодветната институција, потоа контакти во кои се засегнати **24** деца или млади упатени беа до други институции, додека контакти што опфаќаат **29** деца се упатени до агенции/институции надлежни за спроведување на законот. Најчесто контактите беа упатувани до следните служби и институции во зависност од проблемот за кој се јавиле:

- до стручните служби во училиштето;
- во агенција (институција) за заштита на децата во земјата;
- до различни здравствени работници, општа пракса, психолози/психијатри и
- упати до служби за итни случаи.

Во текот на постапувањето и давањето поддршка на децата на кои се однесуваа контактите, тимот на СОС-телефонот често соработуваше со центрите за социјална работа од Скопје и другите градови, Секторот за внатрешни работи, училишта, Здружението на млади правници, Коалицијата за правично судење и други чинители и организации заради давање подобра и поефикасна поддршка на јавувачите. Во текот на оваа година остваривме блиска и успешна соработка со скопскиот Центар за социјална работа и со нивниот Интервентен тим во повеќе наврати. Дојави што се однесуваа на насилство врз деца, родителска несоодветна грижа, непостапување според издадено решение за видување со родителот по развод, се дел од успешните примери за кои заедно со Центарот успеавме да го подобриме остварувањето на правата на повеќе деца.

**Улогата на волонтерките и волонтерите во работата на СОС-линијата за деца и млади**

Оваа година во тимот на СОС се приклучија шест волонтерки, меѓу нив студентки, средношколки и професорки. Овој тим волонтерки подготви неколку блогови на актуелни теми за младите со цел да се доближиме до оваа популација за да нè препознае како нивни поддржувач. Дел од овие блогови беа објавени на веб и Фејсбук-страниците на Меѓаши, а формираниот фонд текстови ќе бидат и понатаму објавувани во следната 2021 година. Дел од волонтерките, исто така, се јавуваат на повиците во текот на дежурствата во попладневните часови во работните денови, како и во викендите.

**Активности за промоција на СОС-телефонот за деца и млади**

Со цел да се промовира СОС-телефонот за деца и млади меѓу нив, особено во периодот на епидемијата, беа реализирани неколку активости за приближување на оваа услуга до децата и младите. Во текот на април беа изготвени две куси промотивни видеа во коишто маскотата на Меѓаши, Бушавко ги запознаваше децата како и зошто се јавува на СОС-телефонот за да добие поддршка, како и во текот на карантинот како го поминува денот. Овие видеа беа емитувани на повеќе национални и локални телевизии сè додека траеше карантинот во мај и почетокот на јуни 2020 година. Истото видео подоцна во текот на ноември и декември беше промовирано во рамките на

кампањата на Програмата за мировно образование, преку неговото емитување во јавниот градски превоз (во автобусите од неколку најфреквентни линии) во Скопје.

Исто така, СОС-телефонот беше промовиран и во рамките на спроведувањето на истражувањето за состојбата на правата на децата на ниво на цела држава, како и во рамките на програмата ЦИВИКА Мобилитас а во текот на ноември преку социјалните мрежи на Меѓаши беа објавени неколку блогови на теми блиски до младите и подготвени од младите волонтерки на СОС-телефонот.

### 1.2. Услуги за материјална и др. вид поддршка на социјално загрозени семејства/поддршка за ранливи групи деца

- Набавка на храна – храна за деца се набавува преку донации од компаниите од бизнис секторот и од други донатори и проекти.
- Достава на технички помагала за децата од семејства во социјален ризик за учење на далечина, како и на основни хигиенски и прехранбени производи
- Донирање на заштитна опрема и маски за медицинскиот персонал во неколку детски болници/оддели во болници преку поддршка од повеќе проекти на Меѓаши
- Собирање, селектирање и дистрибуирање на облека и чевли
- Достава на едукативни и хигиенски производи поддржани од мрежата АРИГАТОУ

Првата детска амбасада Меѓаши и во услови на епидемијата на Ковид-19 под безбедни и конторлирани услови внимавајќи на мерките, продолжува да прифаќа, селектира и дистрибуира донирана облека од граѓаните. Голем број на граѓани донираат носена облека, чевли и останати потребни сочувани работи во просториите на Меѓаши. Децата и нивните родители, во изминатата година од почетокот на посебните мерки од март 2020 година, кои што имаат потреба од ваков вид на помош можат да дојдат секој работен ден во периодот од 10:00 до 12:00 часот, во ограничен број, и да си подигнат тоа што им е потребно.

## 2. ПРОГРАМА ЗА МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

**Назив на проектот/програмата:** програма за Мировно образование

**Цел:** Проектот има за цел промовирајќи ги мирот и ненасилството како основни вредности во воспитно-образовниот систем да укаже на потребата од поинтензивно вградување на мировното образование (МО) во наставните курикулуми.

**Целна група:** проектот најпрво се спроведуваше во 3 средни училишта во Скопје: гимназија: "Никола Карев", ГУЦ "Здравко Цветковски" и ДСМУ "Д-р Панче Караѓозов". Во текот на 2013 – 2016 ја проширивме оваа програма во нови средни училишта во/и надвор од Скопје, во Виница СОУ "Ванчо Прке", Скопје СУГС „Владо Тасевски„ СУГС „Арсени Јовков„ и СУГСГИМ "Зеф Љуш Марку" како и во средните училишта ЦСНО „28 Ноември" – Дебар, СОУ Гимназија „Кочо Рацин„ – Велес, СОУ

Гимназија „Гостивар„ – Гостивар, „Шаип Јусуф” од Скопје. На почетокот на 2020 година програмата се прошири со претставници/чки од стручни служби од неколку средни училишта од државата, а продолжи соработката со неколку основни училишта како пилот училишта.

**Времетраење на проектот/програмата:** 2011-2021 година.

**Донатор:** Германското федерално министерство за економска соработка и развој.
**Партнерска организација:** KURVE WUSTROW

**Активности спроведени во 2020 година:**

Во периодот за кој се однесува извештајот беа спроведени 7 тренинзи.

**2.1.Форум театар за социјални промени** на тема Булинг беше спроведена со ученици од три средни училишта вклучени во Програмата за мировно образование.

Општата тема на обуката беше подготовка на форум театарска претстава за врсничко насилство (булинг) и препознавање видовите на насилство.
Покрај театарскиот дел од активностите, учесниците/чките дискутираа за нивната перцепција за врсничкото насилство, нивните вообичаени реакции, поттикнување на индивидуална одговорност и проактивен пристап во слични ситуации. Исто така, се дискутираа корените и причините за овој феномен, како и кој е одговорен да реагира и како. Две ситуации беа избрани за претставата на форум театар. Учениците/чките исто така се согласија за претставници/чки од кои институции сакаат да поканат на перформансот на претставите.
На обуката, покрај практичниот елемент на форум театар, на сите учесници им беше даден документ на три страници „Форум театар - потекло и опис“ со цел да се добијат повеќе информации и теоретско знаење за оваа специфична форма на театар, и да се запознаат со овој метод на „разработка и решавање на одреден проблем во заедницата“.







**2.2.Основна обука за градење мир и мировно образование**

На состанокот за евалуација што тимот на мировно образование го имаше со претставниците/чките на МОН во декември, беше препорачано и дискутирана можност за вклучување на стручни служби (педагози, психолози, дефектолози итн.) од различни средни училишта во Програмата за мировно образование. Следејќи ја оваа препорака, од една страна повеќе средни училишта ќе станат дел од мировно образование и истовремено стручните служби бидејќи клучните лица ќе добијат повеќе знаење за справување со насилството во училиштата.

Како што изјави претставник од МОН, ова ќе помогне во зајакнувањето на нивните капацитети за мировно образование во училиштата во целина.
Теми опфатени на оваа обука беа тимска работа, комуникација, насилство, конфликти, пол, дискриминација, мировно образование и сл. Работа на секоја тема започна на лично, индивидуално ниво, продолжи кон училиште и специфична улога на стручните служби и завршува пошироко на социјалниот контекст на Македонија.

**2.3.Обука на тема „Булинг“**
На барање на наставниците вклучени во програмата, беше спроведена обука на тема булинг. Обуката имаше за цел да ја подигне свеста за поимот и формите на врсничко насилство и да разработи чекори за интервенција и спречување на насилно однесување во училиштата.
Дури и дека мнозинството наставници во рамките на мировно образование посетувале обука на оваа тема во 2018 година, сепак постои интерес за учество од наставници кои не биле во можност да присуствуваат на претходните обуки на оваа тема. Покрај наставниците, на обуката учествуваше и еден претставник на Државниот просветен инспекторат кој посочи дека многу го цени она што го прават наставниците во врска со врсничкото насилство и уште повеќе ги охрабри наставниците во нивните напори да се борат со врничкото насилство во училиштата. Две ученички - волонтерки во Детска амбасада Меѓаши, исто така, учествуваа на обуката и се осврнаа на врсничкот насилство преку нивните искуства како ученички.

**2.4.**Поради настанатата ситуација штом се овозможија услови за обука со физичко присуство,беа спроведени **четри обуки на тема „Мировно образование, предизвици, можности и очекувања во новата реалност“,** во согласност со безбедносните прописи поврзани со ситуацијата со Ковид-19.

Следејќи ги протоколите за заштита, за двата датуми (август и септември) од вкупно 22 учесници, беа формирани две посебни групи со по 11 учесници. Овие две групи работеа во ист хотел на две одделни места, со различна временска агенда за да се намалат можностите за заеднички собирања за кафе и движење во истиот простор на поголема група луѓе. Поголемиот дел од програмата беше направен надвор во дворот на хотелот.
Програмата за обука во првиот дел беше посветена на лични приказни и повторно поврзување преку сесија за самопомош и помагање на другите во личен и професионален амбиент. Подоцна, беа разгледани прашања поврзани со Ковид-19, како што се насилството и говорот на омраза и следеше алтернативен извештај за правата на децата и учеството на младите. Во последниот дел од дискутираните можности за обука за активности за мировно образование онлајн, беа подготвени индивидуални акциони планови за активности за мировно образование за периодот септември-декември 2020 година.

**2.5.Министерство за образование и наука (МОН) / Работен состанок „Кризата и мировно образование“**

После неколку одложувања, од 10.07-12.07.2020 година се одржа работен состанок „Кризата и мировното образование“. Средбата се одржа во согласност со сите препораки за заштита од вирусот Ковид-19. На состанокот учествуваа претставници на МОН, БРО, СЕИ.

На состанокот се дискутираше за предизвиците во образовниот процес во контекст на кризата предизвикана од пандемијата Ковид-19 и улогата на институциите и невладините организации.

Во првиот дел од состанокот, акцентот беше ставен на промените во секојдневниот живот како резултат на новонастанатата ситуација.

Потоа, беа разработени и предизвиците на наставата онлајн, кои дадоа поширока слика за состојбата во воспитно-образовниот процес, имајќи предвид дека и самите учесници се вклучени во процесот на креирање на образовни политики, но и препораки и упатства за функционирање на училиштата.

Во последниот дел беа дискутирани посебните чекори за пофункционална соработка и партнерство помеѓу учесниците.



**2.6.Работилница за „Зајакнување на капацитетот на тимовите преку лични вредности во„ нови “нормални услови“**

На 3 јуни, сите вработени (9) од Меѓаши присуствуваа на еднодневна работилница, одржана надвор. Под невообичаени посебни услови, вклучително

и сите потребни лични заштитни мерки и почитување на физичката оддалеченост, тимот на Меѓаши се собра за прв пат по пауза од два и пол месеци.
Оваа работилница ја подобри кохезијата на тимот преку обезбедување личен увид на сите вработени во врска со новонастанатата состојба со долгиот карантин и влијанието на вирусот корона врз животот на членовите на тимот Меѓаши.

**2.7.„Компаративна анализа Мировно образование 2011-2019“**
Претставниците на програмата „Мировно образование“ при Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ, организираа конференција за новинари за да ги претстават резултатите од истражувањето на тема „Насилството во училиштата и меѓуетничките односи“, спроведено во девет средни училишта од Скопје, Велес, Виница, Дебар и Гостивар во ноември-декември 2019г. Истражувањето го спроведе Агенцијата за истражување на јавното мислење и маркетинг „БРИМА“ со поддршка на тимот на Програмата за мировно образование, а со намера да се добијат податоци за мислењето и ставовите на наставниот кадар и учениците за прашања поврзани со насилството и меѓуетничките односи во училиштата.

Цел на анализата беше да се согледаат ефектите од имплементацијата на Програмата за мировно образование, која се спроведува во над 20 воспитно образовни установи во државата од кои повеќето се средни училишта и подразбира мрежа од над 200 наставнички и наставници вклучени во различни обуки за зајакнување на нивните капацитети, кои реализираат голем број активности во училиштата.

Училиштата не се доволно препознаени од учениците како места на кои можат да побараат помош во случај на изложеност на насилство: никогаш не се обраќаат на директорот на училиштето (62%), нешто помалку на друг наставник (50%), на педагог/психолог (42%), класен раководител (34%), соученик (31%). За крај охрабрувачки податок дека над 60 % од испитаните наставници проценувата дека насилството е намалено во 2019г. во однос на 2011та и 2012та година.

Она што може да се заклучи е дека активностите во рамки на програмата на Мировно образование даваат резултати во насока на зајакнување на капацитетите на наставниците и нивна поддршка при спорведување на превентини активности за справување со насилство во училиштата, но потребно е системско решение, поддржано од одговорните структури и  развивање на ефективни и функционални процедури во училиштата и во заедницата.
Анализата на истражувањето може да ја најдете на следниве линкови:
http://childrensembassy.org.mk/komparativna-analiza.nspx - на македонски јазик

http://childrensembassy.org.mk/content/pdf/ANALIZA%20al%20KOMPLETNA.pdf – на албански јазик.




**2.8.**Во периодот за кој се пишува извештајот ПДАС Меѓаши- Програмата за мировно образование спроведе вкупно **38 вебинари**.

Еден месец по појавата на пандемијата со Ковид19 во Северна Македонија, тимот за ПМО од „Меѓаши“ воспостави организирана, структурирана комуникациска врска и врска за поддршка со нивниот круг на наставници. Таа врска се спроведуваше преку организирање вебинари, нешто што никогаш порано не беше направено во „Меѓаши“ и тимот за мировно образование, но се почна со барање на нови начини за воспоставување контакт со наставниците и училиштата, со цел да се даде поддршка и охрабрување меѓусебно.

Она што започна како спонтана реакција во невообичаени услови за живеење, во следните 10 месеци се разви во програма од 40 вебинари. Таа опфати 17 предавачи, од кои 4 не се граѓани на Македонија.



Вебинарите го опфатија периодот од април до декември 2020 година, со 40 вебинари на 29 теми, со просек од 16 учесници (минимум 11, максимум 24). Теми кои беа работени на вебинарите може да се поделат на два дела и тоа Психолошка поддршка и Поддршка во наставата во нови околности.

Темите на вебинарите беа:

*1. Моментната ситуација со пандемијата со Ковид19 и значењето на поддршката и продолжувањето на соработката*
*2. Ментално и емоционално здравје за време на кризата предизвикана од Корона*
*3. Стресот и справувањето со стресот за време на криза предизвикана од Корона*
*4. Тимска работа и управување со тимови што работат од далечина*
*5. Состаноци и ефективна работа од дома*
*6. Мотивација, самомотивација и влијание на средината*
*7. Зошто кризата предизвикана од Корона особено влијае врз младите луѓе? Како можеме да им дадеме поддршка како наставници и родители?*
*8. Комуникациски стратегии и функционални техники за подобрена соработка*
*9. Лидерски вештини и стилови*
10. *Координација и соработка во тимски процеси*
*11. Трансформација на конфликти во тимовите*
*12. Предизвици на мировното образование во светот денес 1*
*13. Предизвици на мировното образование во светот денес 2*
*14. Говор на омраза на јавни места*
*15. Говор на омраза на јавни места*
*16. Вебинари за родови (1) – Основно концепти и каде сме ние во сето тоа*
*17. Вебинари за родови (2) – Каква е ситуацијата во нашето општество во однос на родови улови и родова еднаквост? Историски преглед и моментална состојба*
*18. Вебинари за родови (3) – Родова еднаквост и образование*
*19. Говор на омраза во училиштата*
*20. Говор на омраза во училиштата*

*21. Што може да направат училиштата за да препознаат и надминат дискриминација, говор на омраза, ширење стереотипи и предрасуди преку медиумска покриеност.*
*22. Што може да направат училиштата за да препознаат и надминат дискриминација, говор на омраза, ширење стереотипи и предрасуди преку медиумска покриеност. 23.Справување со насилство – можности и предизвици во новата школска година*
24. *Мултикултурализам и градење мир*
*25. Предизвици при користење ZOOM, прашања, дилеми, проблеми*
*26. Предизвици при користење ZOOM, прашања, дилеми, проблеми*
*27. Предизвици при користење ZOOM, прашања, дилеми, проблеми*
*28. Предизвици при користење ZOOM, прашања, дилеми, проблеми*
*29. Од RAF до градење мир*
*30. Од RAF до градење мир*
*31. Од RAF до градење мир*
*32. Од социјална правда до социјален мир: Како подобро да се заложиме за правата на наставниците, Независен синдикат за образование и наука*
*33. Меѓурелигиски дијалог и градење мир*
*34. Вовед во справување со минатото*
*35. Алатки за безбедно користење интернет*
*36. Интерактивен час преку Big Blue Button*
*37. Грижа за себе и новата година што следи*
*38. Грижа за себе и новата година што следи*

**2.9. Активности по училишта**

Првите два месеци од годината училиштата вклучени во програмата Мировно образование беа претежно активни и наставниците во соработка со учениците спроведоа различни активности и работилници во рамките на МО, како на пример, дискусии, филмови, литературни и уметнички содржини од обласа на МО, форум театар за социјални промени итн.

На вториот, третиот и четвртиот квартал од годината, поради ограничувања, според можностите, беа спроведени онлајн активности, особено како важен наставниците сакаа да го одбележат 21-ви Септември - Меѓународен ден на мирот со различни работилници и активности, а само во Средното училиште Кочо Рацин - Велес имаше марш на мирот со физичко присуство со цел да се задржи традицијата, но со намален број на ученици/чки и наставници/чки и според препораките за заштита од Ковид 19.

За време на подготовките на Форум театарската претстава учениците од трите училишта кои учествуваа (СУГС Гимназија „Никола Карев“, СУГС „Шаип Јусуф“ и СОУ „Гимназија Кочо Рацин“) подготвија писмо со покана во кое ги запишаа имињата на институциите од кои сакаа да поканат претставници. Тимот на МО го прими тоа писмо и испрати иницијативата до наведените институции. За среќа, сите тие одговорија позитивно и испратија претставници од нивните институции (МВР, БРО, Центар за социјална работа и сл.) да присуствуваат на претставата во кино салата на „Кинотека“ во Скопје. Втората претстава беше во Велес во театарот „Јордан Х.К Цинот“.

Учениците од СОУ Кочо Рацин - Велес на 23 јануари организирано во рамките на МО го гледаа документарниот филм Honeyland во Скопје. Четири автобуси со ученици/чки отпатуваа за Скопје со цел да го гледаат документарецот. После тоа, наставниците вклучени во МО дискутираа со учениците за впечатоците, прашањата што ги имаа на ум во согласност со ситуациите и пораките од филмот. На крајот од дискусијата тие споделија свои размислувања за тоа што ги научил документарецот.

**2.10.** Во ноември започна кампањата против врсничко насилство во јавниот превоз. Во координација со „Маратон“, маркетинг агенција за рекламирање на автобуси во Скопје, беше одлучено два од автобусите што ги посетуваат двете главни дестинации на кои се случуваат повеќе инциденти, да бидат обележани со постери од анти булинг кампањата „И зборовите повредуваат“ и „Булинг, не во моето училиште“. Исто така, на мониторите на сите 50 автобуси на ЈСП- Скопје беа емитувани четирите видеа против сите форми на врсничко насилство. Поради учењето онлајн, се зголеми сајбер булингот и поради рестрикциите за движење и онлајн наставата, некои деца живеат во домови каде има зголемено семејно насилство. Затоа, на мониторите во автобусите беше пуштено едукативно видео со информации каде може да се пријави насилство, семејното насилство и други проблеми кои ги мачат децата и младите, односно на СОС телефонот на деца и млади при ПДАС МЕЃАШИ 02 2465 316; 070 390 632.

## 3. ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ДЕЦАТА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД НАСИЛСТВОТО

**Назив на проектот/програмата:** Јакнење на капацитетите на децата за превенција од насилството

**Цел:** Проектот има три специфични цели: јакнење на капацитетите на возрасните (професионалци и родители) врз основа на теоријата за резилиентност да ги разберат и почитуваат потребите на децата, нивоното мислење и права; јакењње на капацитетите на возрасните да го свртат вниманието кон предностите, ресурсите и потенцијалите наместо кон проблемите; и поддршка на адолесцентите во препознавањето на своите компетенции и ресурси за превенција од насилство и неуспех.

**Целна група:** ООУ „Стив Наумов“ и ООУ Браќа Рамиз и Хамид“ од Скопје, ученици, наставен и стручен када и родители, ЦСР Скопје, СВР, домови за деца без родители и родителска грижа.

**Времетраење на проектот/програмата:** 2016-2021 година.

**Донатор: ОАК Foundation**

**Партнерска организација:** Social Activities and Practices Institute – SAPI, Софија, Бугарија

Од 01.10.2016 година, Првата детска амбасада во светот Меѓаши започна со реализација на проектот „Зајакнување на детските капацитети за превенција од насилство” кој што се спроведува од страна на партнерство помеѓу граѓански организации од неколку држави од регионот и тоа: Social Activities and Practices Institute - SAPI од Бугарија како носител на проектот во соработка со партнерите Првата детска амбасада во светот Меѓаши од Република Македонија; Association for Child and Family Empowerment "Ave Copii" од Молдавија; Social Services Agency од Летонија; Federatia Organizatiilor Neguvernamentale pentru Copil од Романија; Network of Organizations for Children of Serbia – MODS од Србија; The Association for a better world од Словенија и Tirana Legal aid society (TLAS) од Албанија.

Проектот се имплементира во периодот од октомври 2016 година до ноември 2021 година, а е финансиран од страна на Оак Фондацијата (Oak Foundation) за целото времетраење на проектот.

Заради посебни околности предизвикани од епидемијата и мерките поврзани со неа на глобално ниво, периодот за имплементирање на активностите беше пролонгиран за два месеци, односно до ноември 2020 година, за да може да се завршат активностите.

**Активности спроведени во 2020 година:**

Во текот на октомври 2019 година до ноември 2020 година беа спроведени следните активности и постигнати следните резултати:

**3.1.** Меѓународен тренинг за ресторативен пристап

- Две претставнички на Меѓаши присуствуваа на тридневната обука за ресторативни пристапи во амбиент за млади спроведена од Белинда Хопкинс од Трансформирање на конфликти помеѓу 6 и 10 март 2020 година. И двете ја оценија обуката како многу корисна и применлива не само за овој проект но и на другите проекти и активности на Меѓаши. Штом училиштата бидат отворени, најверојатно од следната учебна година (2021/2022), ќе се обидеме да работиме со целни училишта за воведување на раководниот кадар, како и стручниот кадар (психолог, дефектолог итн.) во овој пристап со цел примена во училиштата.

**3.2.** Консултативна средба на мрежата на професионалци на тема насилство во училиштата

- Дел од локалната мрежа на професионалци - претставници од Центарот за социјални работи, претставници од Институција за згрижување деца без родители и родителска грижа „11 Октомври“, претставници од Министерството за внатрешни работи - инспектори за малолетничка деликвенција, заедно со претставници на сите училишта од Скопска општина Центар, од Министерството за образование и од Општина Центар учествуваа на консултативна средба за спречување на насилството. Оваа средба беше на иницијатива на Меѓаши како одговор на честите случаи на насилство во оваа

општина и нејзините училишта. Целта на обуката беше повеќестрана, прво да се подигне свеста и знаењето за насилството и неговите форми на манифестации, второ да се разработат чекорите на интервенција и спречување на насилството и насилното однесување во училишната средина и трето, вмрежување и споделување на нивното искуство со предизвиците како и поддршка при преземање на соодветни мерки според достапните капацитети. Како дел од обуката беше презентирана и дискутирана најновата студија за ментално здравје на студенти што ја спроведува Светската здравствена организација а во која учествуваше и Македонија. Оваа студија е спроведена во 48 земји, вклучително и во Македонија, на примерок од 5.000 ученици на возраст од 11, 13 и 15 години. Студијата ги испитува податоците за менталното здравје на учениците, различните видови насилство присутно во училиштата и начините на справување со насилството што учениците обично ги користат. Овие податоци предизвикаа голем интерес и дискусијата меѓу учесниците беше насочена кон тековните мерки што обично ги преземаат училиштата и другите институции. Учесниците ги споделија своите искуства за вклучување на институциите и родителите во справувањето со насилството. Претставниците на Министерството за внатрешни работи го споделија искуството од спроведување на едукативни и други активности, за да спречат насилство во училиштата и го споделија своето искуство со ресторативната правда.
Овој настан беше кофинансиран преку средства на Меѓаши од Институционалниот грант на Цивика мобилитас и беше модерирана од Националниот координатор и надворешен експерт-психолог.

**3.3.** Локална мрежа за професионалци (вклучувајќи ја и професионалната заедница)

- Оваа година Меѓаши го подготви Алтернативниот извештај за состојбата со правата на детето со консултации со невладини организации кои работат во областа на детските права. Затоа, имавме мрежни состаноци во два наврати со професионалци, вклучително и невладини организации, за да разговараме за прашањата што мора да бидат вклучени во извештајот, со посебен фокус на насилството и образованието.
- Покрај подготовката на Алтернативниот извештај, беа спроведени и два вебинари на тема „Пристапи кон превенција и интервенција на насилство во училиштата“, и тема „Ефектите на пандемиите врз менталното здравје на студентите, поддршка на резилиентноста во справување со кризата и учеството на учениците како метод за спречување на насилство“ за мрежата на стручните служби во партнерските училишта.

**3.4.** Локална обука за резилиентност и ресторативен пристап

- На 24 септември повторно со изнаоѓање синергија со други проекти на „Меѓаши“ и споделени трошоци спроведовме целодневна обука за резилиентност и вовед во ресторативниот приод во училиштата/ресторативна училница за група наставници, стручен персонал (стручни служби) и претставници на полицијата. Докажано е дека овој вид активности каде мешани групи наши корисници / партнери во рамките на различни проекти се корисни во повеќе аспекти: прво, ја зајакнува и проширува мрежата на професионалци, бидејќи тие во секој случај се меѓусебно поврзани во нивната секојдневна работа; второ, дава можност за подобро разбирање на секоја нивна улога во спречувањето на насилството што придонесува за овозможување побезбедна средина за децата и на крај, но подеднакво важна служи како група на поддршка во нивната работа - тие имаат свои контакти, знаат кој може да им помогне во одредена материја итн.

**3.5.**Работилници за деца за детски права и спречување на насилство

- Овие работилници беа организирани од октомври 2019 година за време на „Неделата на децата“ и траеја до средината на декември. Работилницата предизвика голем интерес кај училиштата и околу 500 ученици, третоодделенци, од седум основни училишта од Скопје и една градинка учествуваа на овие основни работилници во просториите на Меѓаши, или во нивните простории. Фокусот на работилницата беше на правата на децата и разликата помеѓу правата и желбите и различните форми на насилство во училиштата, како тие можат тоа да го препознаат, што прават и што треба да прават кога ќе бидат сведоци или се жртви на насилство, и како може Меѓаши да помогне нив (преку СОС-линија за помош за деца и млади).





**3.6.** Детски проект за развој на Алтернативен извештај за состојбата со правата на детето во Македонија - од детска перспектива

- Детскиот проект се состоеше во менторирање група деца – ученици од неколку основни и средни училишта да го напишат Алтернативниот извештај за децата за правата на детето, кој беше доставен до Комитетот за детски права на ООН на 1 ноември. Овој проект за деца е всушност поширок проект кој е финансиран и преку други проекти. Овој проект започна во рамките на друга програма во мај / јуни со истражувањето за состојбата со правата на детето во земјата, спроведено на примерок од 1077 деца на возраст од 12 - 17 години, на национално ниво. Тоа беше спроведено преку онлајн платформа Survey Monkey помеѓу 17 јуни и 14 јули 2020 година. Анкетата беше финансирана од друга програма и донатор. Групата ученници учествуваше во изготвувањето на

